# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 12 | Вторник, 12 септември 2023 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**Содржина**

**Градоначалник на Општина Струмица:**

**Рег.бр.** **Стр.**
**342. Јавна објава**- известување за издадено одобрение за градење на КП бр.1181 и КП бр.1183, ГП 1.1 во КО Струмица........................................................................................................................1
**343. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 27-та седница на Советот на општина Струмица ........................................................................................................................2

**Совет на Општина Струмица:**

**Рег.бр** **Стр.**
**344. Одлука** за изработка и спроведување на проект „Зелен пулс во прекуграничниот регион“.......................................................................................................................................2

..........................................................................................

**342.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15 и 65/18), Градоначалникот на Општина Струмица врши:

**Ј А В Н А  О Б Ј А В А**

**- достава-**

Градоначалникот на Општина Струмица објавува дека по барање на инвеститорот **МИТКО ЧАПАНОВ од Струмица**, ул.„Вера Циривири" **е издадено Одобрение за градење УП1 бр.20-319 од 07.08.2023 година**, за изградба на НА СТАНБЕНА КУЌА(од Втора категорија), со висина П+1(приземје и кат), на КП бр.1181 и КП бр.1183, ГП 1.1 во КО Струмица,Општина Струмица.

Согласно член 62-а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издаденото одобрение за градење. Од податоците добиени преку системот на Агенцијата за катастар на недвижности, на соседната катастарска парцела како сосопственици помеѓу другите се јавуваат следните лица:

- на КП 1180 во Имотен лист бр.2624 во КО Струмица: **Цветановиќ Снежанка** ул.Паунова бр.79 Белград, **Кујунџиев Томе** од Сад и **Кујунџиев Благој** од Сад, поради што за нив како непосредни соседи известувањето се врши преку оваа Јавна објава со цел нивно запознавање бидејќи се работи за акт за кој се однесува на повеќе лица.

**СЕ ПОВИКУВААТ** горенаведените непосредни соседи на градежната парцела за

која е издадено одобрението за градење да дојдат лично или преку свој полномошник и да извршат увид во документацијата во службените простории на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште при Општина Струмица, ул.Ленинова бр.15, секој работен ден од 08:00 часот до 15:00 часот. Странките имаат право на жалба до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не вложат жалба против одобрението за градење во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на оваа јавна објава во дневниот печат и од денот на објавувањето во Службеното гласило на Општина Струмица, одобрението за градење станува правосилно.

Истовремено, **се предупредуваат** непосредните соседи дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава на писменото и негативните последици кои можат да настанат поради непостапување, ќе ги сносат самите.

Оваа Јавна објава се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на РСМ, во текот на два последователни дена. Потоа, Органот ќе изврши и еднократна објава и во „Службен гласник на Општина Струмица“.

УП1 бр.20-319 Општина Струмица
31.08.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..................................

**343.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 27-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавува актот донесен на 27-та седница на Советот на Општина Струмица:

1. Одлука за изработка и спроведување на проект „Зелен пулс во прекуграничниот регион“, бр.08-7456/1 од 12.09.2023 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-7457/2 Општина Струмица
12.09.2023 Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..................................

**344.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 12.09.2023 година, донесе:

**Одлука**
**за изработка и спроведување на проект „Зелен пулс во прекуграничниот регион“**

**Член 1**

Се прифаќа изработка и спроведување на проект „Зелен пулс во прекуграничниот регион“ со кој општина Струмица ќе аплицира за добивање средства во рамките на Отворениот повик за инвестициски проекти од Програмскиот приоритет 1 „Позелен пограничен регион“ на програмата Interreg (VI-A) ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021-2027, No 2021TC16IPCB006 - 2023-3.

**Член 2**

Носител на проектот е општина Петрич, Република Бугарија, а партнер во спроведувањето на проектот е општина Струмица, Република Северна Македонија.

**Член 3**

Со овој Проект ќе се аплицира во Специфична цел 1.1. „Подобрување и зачувување на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучително во урбаните средини и намалување на сите форми на загадување“.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица да го изготви и аплицира проектот и да ги презеде сите

неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

**Член 5**

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набават во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од пет (5) години после неговото завршување.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-7456/1 Совет на општина Струмица
12.09.2023 Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски